# ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје

## КОНСОЛИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
**за годината завршена на 31 декември 2024 година,**
**со извештај на независниот ревизор**

# КОНСОЛИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
**за годината завршена на 31 декември 2024 година,**
**со извештај на независниот ревизор**

## СОДРЖИНА


| | Страна |
|---|---|
| ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР | 3 - 4 |
| КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ | 5 |
| КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА | 6 |
| КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА | 7 |
| КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА | 8 |
| КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ | 9 |
| БЕЛЕШКИ КОН КОНСОЛИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ | 10 - 30 |

**Додатоци**

**Додаток 1 - Годишен извештај за работа на Групата**

**Додаток 2 - Консолидирана годишна сметка**

**ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје** | Дрезденска бр 52, 1000 Скопје Република Северна Македонија | e-mail: ljupcho@pecevrevizija.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Акционерот и Одборот на директори на**
**ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје**

Ние извршивме ревизија на приложените консолидирани финансиски извештаи на ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје и неговата подружница МАКАДАМ ПЛУС ДООЕЛ Скопје што ги вклучуваат консолидираниот извештај за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2024 година, консолидираниот биланс на успех, консолидираниот извештај за сеопфатна добивка, консолидираниот извештај за промени во главнината за годината што заврши тогаш, прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации. Споредбени податоци за претходната година не се прикажани поради тоа што ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје претходно не подготвувала консолидирани финансиски извештаи.

## *Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие консолидирани финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, и за интерна контрола што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на консолидираните финансиски извештаи што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

## *Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие консолидирани финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија, објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали консолидираните финансиски извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во консолидираните финансиски извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на консолидираните финансиски извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на консолидираните финансиски извештаи на Групата за да обликува ревизорски постапки што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Групата. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на консолидираните финансиски извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

Според наше мислење, консолидираните финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје и неговата подружница МАКАДАМ ПЛУС ДООЕЛ Скопје заклучно со 31 декември 2024 година, како и финансиска успешност за годината што заврши тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

***Други прашања***

Финансиските извештаи на Групатаза годината што заврши на 31.12.2023 година беа ревидирани од друго ревизорско друштво кое во својот извештај од 30.04.2024 година изразило мислење без резерва.

**Извештај за други правни и регулативни барања**

Раководството на Групата, исто така, е одговорно за подготвување на годишниот извештај за работа во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работа е конзистентен со консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за годината што заврши на 31 декември 2024 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со консолидираната годишна сметка и ревидираните консолидирани финансиски извештаи.

Финансиските информации во годишниот извештај за работа на Групата се конзистентни, во сите материјални аспекти, со консолидираната годишна сметка и ревидираните консолидирани финансиски извештаи на ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје за годината што заврши на 31 декември 2024 година.

Скопје, 22 април 2025 година

Овластен ревизор

Владимир Иветиќ

Друштво за ревизија
ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА
ДООЕЛ Скопје

Управител

Љупчо Пецев

## ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје

## КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ
**за годината завршена на 31 декември 2024 година**

| **во илјади денари** | **Белешки** | **2024** | **2023** |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 6 | 32.831 | 29.773 |
| Останати оперативни приходи | 7 | 66 | 454 |
| **Вкупно оперативни приходи** | | **32.897** | **30.227** |
| Потрошени материјали и ситен инвентар | 8 | -227 | -232 |
| Набавна вредност на продадени стоки и услуги | | - | - |
| Трошоци за вработените | 9 | -11.756 | -10.870 |
| Амортизација | 14,15 | -1.046 | -1.018 |
| Останати оперативни расходи | 10 | -19.096 | -13.619 |
| **Вкупно оперативни расходи** | | **-32.125** | **-25.739** |
| **Добивка од оперативно работење** | | **772** | **4.488** |
| Финансиски приходи | 11 | - | - |
| Финансиски расходи | 11 | - | - |
| **Добивка пред оданочување** | | **772** | **4.488** |
| Данок на добивка | 12 | -98 | -267 |
| **Добивка по оданочување** | | **674** | **4.221** |
| Добивка по оданочување што припаѓа на: | | | |
| Сопствениците (имателите на акции) на матичното друштво | | 674 | 3.824 |
| Неконтролирачко учество | 23 | 0 | 397 |
| | | 674 | 4.221 |
| **Основна заработувачка по акција во денари** | 13 | **1.348** | **8.442** |

Овие консолидирани финансиски извештаи на ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје се усвоени на 17.02.2025 година

**Извршен директор**

**Даниела Илиоска**

**Белешките содржани од страна 10 до 30 се составен дел на овие финансиски извештаи**

## ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје

## КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
**за годината завршена на 31 декември 2024 година**

| во илјади денари | Белешки | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| Добивка по оданочување | | 674 | 4.221 |
| Останата сеопфатна добивка | | | |
| Нереализирани добивки (загуби) од вложувања расположливи за продажба | | - | - |
| Ревалоризација на недвижности, постројки и опрема | | - | - |
| **Вкупно останата сеопфатна добивка** | | - | - |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ГОДИНАТА** | | 674 | 4.221 |
| Вкупна сеопфатна добивка (загуба) што припаѓа на: | | | |
| Сопствениците (имателите на акции) на матичното друштво | | 674 | 3.824 |
| Неконтролирачко учество | 23 | 0 | 397 |
| | | 674 | 4.221 |

**Белешките содржани од страна 10 до 30 се составен дел на овие финансиски извештаи**

## ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје

## КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
**за годината завршена на 31 декември 2024 година**

| во илјади денари | Белешки | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| Основни средства | 14 | 1.597 | 2.082 |
| Нематеријални средства | 14 | 3 | 5 |
| Вложувања во недвижности | 15 | 13.083 | 13.474 |
| Долгорочни финансиски средства | 16 | - | 6.200 |
| **Вкупно долгорочни средства** | | 14.683 | 21.761 |
| Залихи | | - | - |
| Побарувања од купувачи | 17 | 7.896 | 7.852 |
| Останати краткорочни побарувања | 18 | 797 | 739 |
| Побарувања за аванси и депозити | 19 | 4 | 29 |
| Краткорочни вложувања и позајмици | 20 | 420 | 230 |
| Активни временски разграничувања | 21 | 2.574 | 1.053 |
| Парични средства | 22 | 8.690 | 14.575 |
| **Вкупно тековни средства** | | 20.381 | 24.478 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | 35.064 | 46.239 |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| Акционерски капитал | | 3.077 | 3.077 |
| Законски и останати резерви | | 448 | 591 |
| Ревалоризациони резерви | | - | - |
| Акумулирана добивка / загуба | | 28.345 | 36.808 |
| **Вкупно капитал и резерви што припаѓаат на сопствениците на матичното друштво** | | 31.870 | 40.476 |
| Неконтролирачко учество | 23 | - | 2.710 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | 31.870 | 43.186 |
| **Долгорочни финансиски обврски** | | - | - |
| Обврски спрема добавувачи | 24 | 1.827 | 2.066 |
| Останати краткорочни обврски | 25 | 1.086 | 987 |
| Обврски за аванси | | - | - |
| Краткорочни финансиски обврски | | - | - |
| Пасивни временски разграничувања | | 281 | - |
| **Вкупно тековни обврски** | | 3.194 | 3.053 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | 35.064 | 46.239 |

**Белешките содржани од страна 10 до 30 се составен дел на овие финансиски извештаи**

# ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје

## КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА
**за годината завршена на 31 декември 2024 година**

2024 година

| во илјади денари | Акцион. капитал | Законски резерви | Останати резерви | Ревалор. резерви | Акумулир. добивка | Вкупно капитал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2024** | 3.077 | 441 | 150 | - | 36.808 | 40.476 |
| **Сеопфатна добивка** | | | | | | |
| Нето добивка од 2024 година | - | - | - | - | 674 | 674 |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупно сеопфатна добивка** | - | - | - | - | 674 | 674 |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | | | |
| Прекнижување / усогласување | - | 7 | - | - | -7 | 0 |
| Ефект од целосен откуп на уделот во подружницата | - | - | - | - | -391 | 0<br>-391 |
| Исплатена дивиденда | - | - | - | - | -8.889 | -8.889 |
| Прекнижување од резерви на акумулирана добивка | - | | -150 | - | 150 | 0 |
| **Состојба 31.12.2024** | 3.077 | 448 | 0 | - | 28.345 | 31.870 |

2023 година

| во илјади денари | Акцион. капитал | Законски резерви | Останати резерви | Ревалор. резерви | Акумулир. добивка | Вкупно капитал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2023** | 3.077 | 441 | - | - | 38.600 | 42.118 |
| **Сеопфатна добивка** | | | | | | |
| Нето добивка од 2023 година | - | - | - | - | 3.824 | 3.824 |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупно сеопфатна добивка** | - | - | - | - | 3.824 | 3.824 |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | | | |
| Заокружување | - | - | - | - | | - |
| Данок на добивка за претходни периоди | - | - | - | - | | 0 |
| Исплатена дивиденда | - | - | - | - | -5.466 | -5.466 |
| Издвоено за законски резерви од нето добивката | - | | 150 | - | -150 | 0 |
| **Состојба 31.12.2023** | 3.077 | 441 | 150 | - | 36.808 | 40.476 |

**Белешките содржани од страна 10 до 30 се составен дел на овие финансиски извештаи**

**ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје**

## КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
**за годината завршена на 31 декември 2024 година**

| **во илјади денари** | **2024** | **2023** |
|---|---|---|
| **А. Парични текови од деловни активности** | | |
| Добивка по оданочување | 674 | 4.221 |
| Амортизација | 1.046 | 1.018 |
| Добивка од продажба на основни средства и неотпишана вредност на продадени и расходувани основни средства | - | -363 |
| Ефект од откупот на уделот во подружницата | -26 | - |
| Залихи | - | - |
| Побарувања од купувачи | -44 | -1.815 |
| Останати краткорочни побарувања | -58 | 103 |
| Побарувања за аванси | 25 | 270 |
| Активни временски разграничувања | -1.521 | 507 |
| Обврски спрема добавувачи | -239 | 779 |
| Останати краткорочни обврски | 99 | 1 |
| Обврски за аванси | - | - |
| Пасивни временски разграничувања | 281 | - |
| **Нето парични текови од деловни активности** | **237** | **4.721** |
| **Б. Парични текови од инвестициони активности** | | |
| Набавки на основни и нематеријални средства | -168 | -86 |
| Прилив од продадени материјални средства | - | 363 |
| Одлив од вложувања во подружница | -3.075 | - |
| Прилив од краткорочни и долгорочни финансиски средства | 6.010 | 76 |
| **Нето парични текови од инвестициони активности** | **2.767** | **353** |
| **В. Парични текови од финансиски активности** | | |
| Прилив од кредити | - | - |
| Прилив од зголемување на основачкиот влог | - | - |
| Исплатена дивиденда | -8.889 | -5.466 |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | **-8.889** | **-5.466** |
| **НАМАЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **-5.885** | **-392** |
| **Парични средства на почетокот на годината** | **14.575** | **14.967** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **8.690** | **14.575** |

**Белешките содржани од страна 10 до 30 се составен дел на овие финансиски извештаи**

**ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје**

**БЕЛЕШКИ КОН КОНСОЛИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ГРУПАТА

1.1. Осигурително брокерско друштво ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје основано е и работи во Република Северна Македонија. Краткото име на Друштвото е ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје.

Приоритетна дејност што ја обавува ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје според главната приходна шифра е дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници.

1.2. Акционерската главнина на ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје се состои од 500 обични акции со вкупна номинална вредност од 50.000 евра. Номиналната вредност на една акција изнесува 100 евра.

Во рамките на акционерската главнина на ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје нема приоритетни акции.

Единствен акционер во ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје на 31.12.2024 е Светлана Милошоска. Единствен акционер во ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје на 31.12.2023 беше Ненад Смилевски.

1.3. Седиштето на Друштвото е на улица Народен фронт бр. 29/32 Скопје, Центар.

1.4. Групата ПОЛИСА ПЛУС, покрај матичното друштво, ја сочинува и неговата подружница МАКАДАМ ПЛУС ДООЕЛ Скопје. На 31.12.2024 година ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје е единствен содружник во МАКАДАМ ПЛУС ДООЕЛ Скопје.

Основна дејност на МАКАДАМ ПЛУС ДООЕЛ Скопје е издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп.

1.5. Бројот на вработени во Групата ПОЛИСА ПЛУС на 31 декември е прикажан во табелата што следи:

| **Број на вработени на 31 декември** | **2024** | **2023** |
|---|---|---|
| ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје | 17 | 17 |
| МАКАДАМ ПЛУС ДООЕЛ Скопје | 1 | 1 |
| **ВКУПНО** | 18 | 18 |

## 2. ОСНОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### 2.1. Прописи

Финансиските извештаи на Групата ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје се изготвени во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

Сметководствени стандарди прифатени во Република Северна Македонија се Меѓународните стандарди за финансиско известување што се објавени во Правилникот за водење на сметководство во Службен весник на Република Македонија број 159 од 29 декември 2009 година, а применливи се од 01 јануари 2010 година.

Финансиските извештаи се прикажани во илјади денари, освен ако не е поинаку наведено. Таму каде што е потребно, споредбените податоци се прилагодени и усогласени со цел да одговараат на извршеното прикажување во тековната година.

### 2.2. Основни сметководствени методи

Финансиските извештаи се подготвени врз основа на методот на набавна вредност.

### 2.3. Континуитет во работењето

Финансиските извештаи се подготвени врз основа на претпоставката за континуитет во работењето. Тоа значи дека Групата ќе продолжи да работи во догледна иднина.

### 2.4. Принципи за консолидација

Консолидираните финансиски извештаи на Групата ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје се презентирани како да сочинуваат едно друштво. Групата го опфаќа матичното друштво ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје како и неговата подружница МАКАДАМ ПЛУС ДООЕЛ Скопје.

Подружницата е правно лица под контрола на матичното друштво. Контролата претставува моќ да се управува со финансиските и оперативните политики на друго друштво од страна на матичното друштво.

Вложувањето на матичното друштво во подружницата, како и уделот на матичното друштво во главнината на подружницата, сразмерно на вложувањето, се елиминирани при консолидацијата. При консолидацијата, во билансот на состојбата се исклучени и меѓусебните побарувања и обврски и краткорочните и долгорочните финансиски вложувања и обврски. Делот од капиталот што им припаѓа на останатите содружници во основната главнина на подружницата се прикажани како неконтролирачко учество.

Во консолидираниот биланс на успех се извршени елиминации на меѓусебно остварените приходи, односно расходи. Учеството на малцинските содружници во добивката на Групата е прикажано одделно од добивката на Групата.

### 2.5. Користење на сметководствени проценки и расудувања

При подготвувањето на финансиските извештаи Групата применува одредени сметководствени проценки. Некои ставки во финансиските извештаи се проценуваат затоа што неможат прецизно да се измерат. Проценувањето вклучува расудувања што се засновани на последни расположливи информации.

Сметководствени проценки се употребуваат при проценување на корисниот век на употреба на материјалните и нематеријалните средства, објективната вредност на побарувањата, односно нивната наплатливост, објективната вредност на вложувањата расположливи за продажба и други ставки.

Во текот на периодите одредени проценки може да се ревидираат доколку се случат промени во околностите што биле основа за проценката, како резултат на нови информации или последователни случувања.

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при изготвување на финансиските извештаи се прикажани во понатамошниот текст.

### 3.1. Политика на евидентирање на приходите

Приходите од продажба на услуги се мерат според објективната вредност на надоместокот кој е примен или се побарува. Приходите од продажба на услуги се признаваат во моментот на извршување на услугите имајќи го во предвид степенот на завршеност на услугата.

### 3.2. Приходи од камати

Каматите настанати по основ на побарувања од деловни односи и пласмани се искажуваат како приходи од камати во рамките на финансиските приходи. Приходите од камати се признаваат на пресметковна основа за периодот за кој се однесуваат.

### 3.3. Расходи за камати

Каматите настанати по основ на финансиски обврски, како и по основ на обврски од деловни односи се искажуваат како расходи од камати во рамките на финансиските расходи. Расходите за камати се признаваат на пресметковна основа за периодот за кој се однесуваат.

### 3.4. Тековно и инвестиционо одржување

Трошоците за тековно и инвестиционо одржување на основните средства се евидентират на товар на расходите во периодот на нивното настанување.

Реконструкциите и адаптациите со кои се менува капацитетот или намената на основните средства се книжат како зголемување на вредноста на основните средства.

### 3.5. Основни средства

Набавките на основните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност на основните средства се состои од фактурната вредност на набавените основни средства зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.

Основните средства се поделени во групи, односно подгрупи по кои се врши пресметка на амортизацијата до нивниот потполн отпис.

Позитивната разлика настаната при продажба на основни средства се книжи во корист на добивка од продажба, а негативната разлика се книжи на товар на загуба од продажба. Неотпишаната вредност на продадени и расходувани основни средства се книжи на товар на останатите оперативни расходи.

### 3.6. Амортизација

Набавната вредност на основните средства се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употреба на основните средства.

Стапките што се применуваат за амортизација на основните средства што ги поседува Групата ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје се како што следи:

| | |
|---|---|
| Градежни објекти - вложувања во недвижности | 2,5% |
| Патнички автомобили | 25% |
| Компјутерска опрема | 25% |
| Останата несподната опрема | 10% |

Амортизација не се пресметува за ставките: земјиште, инвестиции во тек и уметнички слики.

### 3.7. Оштетување (обезвреднување) на нефинансиските средства

Недвижностите, постројките и опремата се проверуваат од можни обезвреднувања секогаш кога постојат услови кои укажуваат дека нивната сметководствена вредност е повисока од проценетата надоместувачка вредност. Загуба од оштетување (обезвреднување) се евидентира за износот за кој сегашната вредност ја надминува надоместувачката вредност на средството. Надоместувачката вредност претставува повисока вредност од нето продажната цена на средството и неговата употребна вредност. Нето продажната цена е износ што се добива од продажба на средството во трансакција помеѓу добро известени субјекти. Употребната вредност е сегашна вредност на проценетите идни готовински приливи што се очекува да произлезат од континуираната употреба на средствата и од нивното отуѓување на крајот од употребниот век. Надоместувачкиот износ се проценува за поедниечните средства или доколку тоа не е можно за целата група на средства која генерира готовински прилив.

### 3.8. Побарувања по основ на продажба

Побарувањата по основ на продажба ги опфаќаат сите побарувања за извршените услуги. Исправка на вредноста на побарувањата кои се сметаат за ненаплатливи се врши врз основа на проценка извршена на карајот на годината. Последователната наплата на претходно отпишаните износи на побарувања се признава во рамките на останатите оперативни приходи.

### 3.9. Парични средства

Паричните средства се состојат од денарска благајна, девизна благајна, парични средства на жиро - сметките во банки и девизни средства на девизна сметка во банка.

### 3.10. Пресметка на странските средства за плаќање и сметководствен третман на курсните разлики

Побарувањата и обврските во странски средства за плаќање се искажуваат во денарска противвредност по средниот официјален курс што го објавува Народната банка на Република Северна Македонија на денот на извештајот на финансиската на состојба.

Позитивните и негативните курсни разлики кои настануваат при искажувањето на побарувањата, обврските и кредитите од странски средства за плаќање во нивна денарска противвредност, како и курсните разлики што настануваат во текот на годината по основ на продажба и набавка на стоки, се искажуваат во билансот на успехот како дел од финансиските приходи, односно од финансиските расходи.

## 3.11. Капитал, сопствени акции, резерви и акумулирана добивка

**Акционерски капитал**

Акционерскиот капитал се состои од обични акции. Акционерскиот капитал ја претставува номиналната вредност на емитираните акции.

**Законски резерви**

Законските резерви ги сочинуваат резервите формирани со распределба на дел од добивката по оданочување. Овие резерви можат да бидат употребени за покривање на искажана загуба во работењето на Групата.

Законска обврска на Друштвата е да формираат резервен фонд со издвојување на 5% од остварената нето добивка во годината, се додека не достигне 10% од основачкиот влог. Износот на законската резерва над законскиот минимум од 10% може да се користи за исплата на дивиденда, врз основа на одлука од сопствениците на Друштвата.

**Акумулирана добивка**

Акумулираната добивка ги вклучува нераспределената добивка од претходните години, како и добивката по оданочување од тековната година.

## 3.12. Обврски спрема добавувачи

Обврските спрема добавувачите се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции. Обврските спрема добавувачите се отпишуваат по истекот на рокот на застареност со одобрување на останатите оперативни приходи.

## 3.13. Данок на добивка

Согласно измените во даночната регулатива, основа за пресметување на данок на добивка од 2014 година е добивката пред оданочување пресметана според сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, зголемена за непризнаените расходи за даночни цели и намалена за пропишани даночни ослободувања.

Во периодот 2009 - 2013 година основа за пресметка на данокот на добивка беа повеќе видови расходи кои не се признаваа за целите на оданочувањето, тн. даночно непризнаени расходи. Данок на добивка се плаќаше и се плаќа и при исплатата на дивиденди од добивките остварени во финансиските извештаи за 2009 - 2013 година.

Стапката на данокот на добивка во Република Северна Македонија изнесува 10% (10% и во 2023 година).

## 3.14. Користи за вработените

**Придонеси за вработените**

Групата во текот на своето нормално работење врши исплати во корист на своите вработени за пензиско осигурување, здравствено осигурување, вработување и персонален данок на доход во согласност со важечките законски стапки во текот на годината. Основица за пресметка на придонесите претставува бруто платата. Групата плаќа придонес за пензиско осигурување во првиот и вториот пензиски столб, односно во Државниот пензиски фонд, а дел и во приватни пензиски фондови. Не постојат дополнителни обврски во врска со овие пензиски планови.

**Обврски при пензионирање**

Групата, во согласност со домашните законски прописи, на вработените што се пензионираат им исплаќа надомест во износ на две месечни просечни плати исплатени во државата во моментот на пензионирањето. Групата нема направено резервирање за ова право на вработените бидејќи износот е нематеријален за финансиските извештаи.

## 3.15. Резервирања

Резервирања се признаваат и пресметуваат кога Групата има правна обврска или обврска која произлегува од договор како резултат на минат настан и кога е веројатно дека ќе биде потребен одлив на средства со цел да се подмири обврската и кога може да се направи разумна проценка на износот. Резервирањата се проверуваат на секој датум на билансирање и се корегираат со цел да се усогласат со најдобрата тековна проценка.

## 3.16. Неизвесни обврски и неизвесни средства

Неизвесни обврски се можни обврски што произлегуваат од минати настани, а чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани што не се под контрола на Групата. Неизвесните обврски само се обелоденуваат во финансиските извештаи.

Неизвесни средства се можни средства што произлегуваат од минати настани, а чие постоење ќе биде потврдено со случување или неслучување на еден или повеќе неизвесни идни настани што не се под контрола на Групата. Неизвесните средства се признаваат ако приливот на економски користи е веројатен.

## 4. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИК

Во своето работење Групата е изложена на повеќе видови на финансиски ризици како што се пазарниот ризик, кредитниот ризик, ризикот од промена на каматните стапки и ризикот од неликвидност. За управување со финансиските ризици е надлежен Извршниот директор на матичното друштво. Основата на управувањето со финансискиот ризик се состои во изнаоѓање начини за навремено минимизирање на потенцијалните негативни ефекти.

### 4.1. Пазарен ризик

**Ризик од промени на девизниот курс**

Групата во своето работење не стапува во меѓународни трансакции заради продажби и набавки на стоки и услуги и поради тоа не е изложена на ризик поврзан со можните флуктуации на курсевите на странските валути.

**Ризик од промени на цените**

Групата не е изложена на ризик од промена на пазарните цени на вложувањата расположливи затоа што нема вложувања расположливи за продажба.

### 4.2. Кредитен ризик

Групата е изложена на кредитен ризик во случај купувачите да не можат да ги извршат своите обврски спрема Групата.

Побарувањата од купувачите вклучуваат побарувања од поголем број купувачи со умерени салда, што претставува спроведување на политиката на дисперзија на побарувањата на поголем број купувачи со цел да се избегне зависноста од мал број на купувачи.

### 4.3. Ризик од промени на каматните стапки

Групата е изложена на ризик од промени на каматните стапки кога користи кредити и кога има депонирани средства во банки.

Групата не е изложена на ризик од промени на каматните стапки затоа што не користи кредити за финансирање на своето работење, а нема ни вложени парични средства во банкарски депозити.

### 4.4. Ризик од неликвидност

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Групата нема да биде во состојба со паричните средства навремено да ги плаќа обврските спрема доверителите и кредиторите.

Групата нема ликвидносни проблеми во работењето затоа што води политика на навремено обезбедување на потребните парични средства за плаќање на доспеаните обврски.

### 4.5. Ризик од финансирање

Групата го следи ризикот од финансирање преку показателот за задолженост. Овој показател се пресметува како однос меѓу нето обврските и вкупниот капитал. Нето обврските се пресметуваат како разлика помеѓу вкупните кредити (краткорочни и долгорочни) и паричните средства.

Одборот на директори на ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје е надлежен за следење на кредитната задолженост на Групата.

### 4.6. Даночен ризик

Македонската даночна регулатива е подложна на промени и различни толкувања. Даночните власти во Република Македонија можат во период од 5 години од датумот на поднесениот даночен извештај да извршат контрола и да утврдат дополнителни даночни обврски и казни. Раководството на Групата нема сознанија за околности кои би можеле да доведат до значајни материјални даночни обврски, освен оние што се евидентирани во финансиските извештаи на Групата.

## 5. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ

### 5.1. Ризик од финансирање

Ризикот од финансирање прикажан преку показателот на кредитната задолженост е како што следи:

**Показател на кредитна задолженост**

| во илјади денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Обврски по кредити | - | - |
| Парични средства | -8.690 | -14.575 |
| Нето обврски по кредити | -8.690 | -14.575 |
| Капитал и резерви | 31.870 | 43.186 |
| **% на кредитна задолженост** | 0,00% | 0,00% |

Групата ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје на 31.12.2024 и 31.12.2023 година не е кредитно задолжена.

### 5.2. Ризик од промена на девизните курсеви

Групата нема трансакции во странска валута, кои произлегуваат од продажби и набавки на странски пазари. Исто така, Групата не користи краткорочни и долгорочни кредити со девизна клаузула. Поради тоа, Групата не е изложена на ризик од промени на курсевите на странските валути.

### 5.3. Ризик од промена на каматните стапки

Групата се изложува на ризик од промена на каматни стапки во случај кога користи кредити и позајмици договорени по варијабилни каматни стапки или кога има пласирано средства кај други друштва или банки договорени по варијабилни каматни стапки.

Сметководствената вредност на финансиските средства и обврски според изложеноста на каматниот ризик е како што следи:

| во илјади денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| **Финансиски средства** | | |
| **Некаматоносни** | | |
| Парични средства | 8.690 | 14.575 |
| Побарувања од купувачи | 7.896 | 7.852 |
| Останати побарувања | 797 | 739 |
| Дадени позајмици | 420 | 6.430 |
| Вложувања расположливи за продажба | - | - |
| | 17.803 | 29.596 |
| **Каматоносни со променлива камата** | | |
| Дадени позајмици | - | - |
| Депозити во банки | - | - |
| | - | - |
| **Каматоносни со фиксна камата** | | |
| Дадени позајмици | - | - |
| | - | - |
| | 17.803 | 29.596 |
| **Финансиски обврски** | | |
| **Некаматоносни** | | |
| Останати долгорочни обврски | - | - |
| Обврски спрема добавувачи | 1.827 | 2.066 |
| Останати тековни обврски | 1.086 | 987 |
| **Вкупно** | 2.913 | 3.053 |
| **Каматоносни со променлива камата** | | |
| Обврски по кредити | - | - |
| | - | - |
| | 2.913 | 3.053 |

Следната табела ја покажува сензитивната анализа на зголемување или намалување за еден процентен поен на каматните стапки на дадените депозити и неотплатените кредити. Анализата е направена на салдата на депозити и неотплатени кредити на датумот на извештајот на финансиска состојба. Позитивните износи се зголемување на добивката, а негативните се намалувања на добивката за соодветниот период.

| | зголемув. | | намалув. | |
|---|---|---|---|---|
| **во илјади денари** | **2024** | **2023** | **2024** | **2023** |
| Дадени депозити | - | - | - | - |
| Земени кредити | - | - | - | - |
| | **0** | **0** | **0** | **0** |

## 5.4. Ризик од ликвидност

Следната табела дава приказ на роковите за плаќање на финансиските обврски на Групата со состојба на 31 декември 2024 и 2023 година:

**31.12.2024 година**

| **во илјади денари** | **до 3 месеци** | **3-6 месеци** | **6-12 месеци** | **над 12 месеци** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| Обврски за кредити | - | - | - | - | - |
| Обврски спрема добавувачи | 1.827 | - | - | - | **1.827** |
| Останати обврски | 1.086 | - | - | - | **1.086** |
| | **2.913** | **0** | **0** | **0** | **2.913** |

**31.12.2023 година**

| **во илјади денари** | **до 3 месеци** | **3-6 месеци** | **6-12 месеци** | **над 12 месеци** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| Обврски за кредити | - | - | - | - | - |
| Обврски спрема добавувачи | 2.066 | - | - | - | **2.066** |
| Останати обврски | 987 | - | - | - | **987** |
| | **3.053** | **0** | **0** | **0** | **3.053** |

Следната табела дава приказ на старосната структура на финансиските средства на Групата со состојба на 31 декември 2024 и 2023 година:

**31.12.2024 година**

| во илјади денари | до 12 месеци | постари од 12 месеци | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Парични средства | 8.690 | - | **8.690** |
| Побарувања од купувачи | 7.430 | 466 | **7.896** |
| Останати побарувања | 395 | 402 | **797** |
| Дадени позајмици | 420 | - | **420** |
| Вложувања во подружница | - | - | **0** |
| | **16.935** | **868** | **17.803** |

**31.12.2023 година**

| во илјади денари | до 3 месеци | 3-6 месеци | 6-12 месеци | над 12 месеци | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Парични средства | 14.575 | - | - | - | **14.575** |
| Побарувања од купувачи | 7.426 | 254 | - | 172 | **7.852** |
| Останати побарувања | 739 | - | - | - | **739** |
| Дадени позајмици | 6.430 | - | - | - | **6.430** |
| Вложувања расположливи за продажба | - | - | - | - | **0** |
| | **29.170** | **254** | **0** | **172** | **29.596** |

## 6. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

| во илјади денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Приходи од осигурително брокерски услуги | 30.395 | 27.617 |
| Приходи од наемнина | 2.436 | 2.156 |
| Останато | - | - |
| **Вкупно** | **32.831** | **29.773** |

## 7. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ

| во илјади денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Приходи од наплатени отпишани побарувања | 40 | 10 |
| Капитална добивка од продажба на основни средства | - | 363 |
| Останато | 26 | 81 |
| **Вкупно** | **66** | **454** |

## 8. ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ И СИТЕН ИНВЕНТАР

| во илјади денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Потрошени материјали | 125 | 232 |
| Потрошени резервни делови | | - |
| Отпис на ситен инвентар | 102 | - |
| **Вкупно** | **227** | **232** |

## 9. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

| во илјади денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Бруто плати | 11.379 | 10.444 |
| Други надоместоци за вработените | 377 | 426 |
| **Вкупно** | **11.756** | **10.870** |

## 10. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

| во илјади денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Трошоци за услуги | 549 | 657 |
| Трошоци за телефон и интернет | 547 | 105 |
| Трошоци за тековно одржување | 375 | 93 |
| Трошоци за наемнини | 3.301 | 1.750 |
| Репрезентација и спонзорства | 211 | 344 |
| Трошоци за реклама | 4.471 | 4.297 |
| Трошоци за промотерски активности | 4.980 | 4.093 |
| Трошоци за софтверски услуги | 540 | 945 |
| Трошоци за банкарски провизии | 761 | 712 |
| Трошоци за осигурување | 1.930 | 139 |
| Трошоци за сметководствени услуги | 423 | 416 |
| Останато | 1.008 | 68 |
| **Вкупно** | **19.096** | **13.619** |

## 11. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ / РАСХОДИ

| во илјади денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Приходи од камати | 0 | - |
| Позитивни курсни разлики | - | - |
| Останати финансиски приходи | - | - |
| **Вкупно финансиски приходи** | 0 | 0 |
| Расходи за камати | - | - |
| Негативни курсни разлики | - | - |
| **Вкупно финансиски расходи** | 0 | 0 |
| **Нето финансиски приходи / расходи** | 0 | 0 |

## 12. ДАНОК НА ДОБИВКА

| во илјади денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| **Добивка пред оданочување** | 772 | 4.488 |
| Даночно непризнаени расходи | 1.969 | 800 |
| **Даночна основа** | 2.741 | 5.288 |
| Ефект од консолидација | -1.615 | - |
| Намалување на даночната основа | -150 | -1.414 |
| **Даночна основа по намалување** | 976 | 3.874 |
| **Данок на добивка по стапка од 10%** | 98 | 387 |
| Намалување на пресметаниот данок | - | -120 |
| **Данок на добивка по намалување** | 98 | 267 |
| Ефективна даночна стапка | 12,64% | 5,96% |

## 13. ОСНОВНА ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА

| во илјади денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| **Нето добивка расположива за акционерите** | 674 | 4.221 |
| Пондериран просечен број на акции во оптек | 500 | 500 |
| **Основна заработувачка по акција (во денари)** | 1.348 | 8.442 |

Основната заработувачка по акција се пресметува со делење на нето добивката која им припаѓа на имателите на обични акции со пондерираниот просечен број на обични акции во оптек во текот на годината.

Разводнета заработувачка по акција не е пресметана затоа што ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје нема издадено разводнувачки потенцијални обични акции.

## 14. ОСНОВНИ СРЕДСТВА

Набавната вредност на основните средства и нивната исправка на вредноста се како што следи:

2024 година

| во илјади денари | Градежни објекти | Опрема | Инвестиц. во тек | Вкупно | Header. средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| Состојба 01.01.2024 | - | 4.839 | - | 4.839 | 154 |
| Нови набавки | - | 168 | - | 168 | - |
| Пренесено од инвестиции во тек | - | - | - | - | - |
| Усогласување и прекнижување | - | - | - | - | - |
| Расходување и продажба | - | | - | 0 | - |
| **Состојба 31.12.2024** | - | 5.007 | - | 5.007 | 154 |
| **Исправка на вредност** | | | | | |
| Состојба 01.01.2024 | - | 2.757 | - | 2.757 | 149 |
| Амортизација | - | 653 | - | 653 | 1 |
| Усогласување и прекнижување | - | - | - | - | 1 |
| Расходување и продажба | - | | - | 0 | - |
| **Состојба 31.12.2024** | - | 3.410 | - | 3.410 | 151 |
| **СЕГАШНА ВРЕДНОСТ НА 31.12.2024** | - | 1.597 | - | 1.597 | 3 |

2023 година

| во илјади денари | Градежни објекти | Опрема | Инвестиц. во тек | Вкупно | Нематер. средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | |
| Состојба 01.01.2023 | - | 5.159 | - | 5.159 | 154 |
| Нови набавки | - | 86 | - | 86 | - |
| Пренесено од инвестиции во тек | - | - | - | - | - |
| Усогласување и прекнижување | - | - | - | - | - |
| Расходување и продажба | - | -406 | - | -406 | - |
| Состојба 31.12.2023 | - | 4.839 | - | 4.839 | 154 |
| **Исправка на вредност** | | | | | |
| Состојба 01.01.2023 | - | 2.613 | - | 2.613 | 74 |
| Амортизација | - | 550 | - | 550 | 75 |
| Усогласување и прекнижување | - | - | - | - | - |
| Расходување и продажба | - | -406 | - | -406 | - |
| Состојба 31.12.2023 | - | 2.757 | - | 2.757 | 149 |
| СЕГАШНА ВРЕДНОСТ НА 31.12.2023 | - | 2.082 | - | 2.082 | 5 |

## 15. ВЛОЖУВАЊА ВО НЕДВИЖНОСТИ

| во илјади денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | |
| **Состојба на 1 јануари** | 15.659 | 15.659 |
| Пренос од основни средства | - | - |
| Набавки | - | - |
| Продажби | - | - |
| **Состојба на 31 декември** | 15.659 | 15.659 |
| **Акумулирана амортизација** | | |
| **Состојба на 1 јануари** | 2.185 | 1.794 |
| Пренос од основни средства | - | - |
| Усогласување | -1 | - |
| Продажби | - | - |
| Амортизација за тековната година | 392 | 391 |
| **Состојба на 31 декември** | 2.576 | 2.185 |
| **Сегашна вредност на 31 декември** | 13.083 | 13.474 |

## 16. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

| во илјади денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Дадени долгорочни заеми на неповрзани друштва | - | 6.200 |
| Останати доглорочни финансиски средства | - | - |
| **Вкупно** | 0 | 6.200 |

## 17. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

| во илјади денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи во земјата | 7.896 | 7.852 |
| Побарувања од купувачи во странство | - | - |
| | 7.896 | 7.852 |
| Исправка на вредност | - | - |
| **Вкупно побарувања од купувачи - нето** | 7.896 | 7.852 |

## 18. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

| во илјади денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Побарувања за данок на додадена вредност | 205 | 205 |
| Побарувања за данок на добивка | 190 | 116 |
| Побарувања од вработените | 402 | 418 |
| Останато | - | - |
| **Вкупно** | 797 | 739 |

## 19. ПОБАРУВАЊА ЗА АВАНСИ И ДЕПОЗИТИ

| во илјади денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Побарувања за аванси | 4 | 29 |
| Побарувања за депозити | - | - |
| **Вкупно** | 4 | 29 |

## 20. КРАТКОРОЧНИ ВЛОЖУВАЊА И ПОЗАЈМИЦИ

| во илјади денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Краткорочни вложувања во банки | - | - |
| Краткорочни позајмици на физички лица | 420 | 230 |
| **Вкупно** | **420** | **230** |

## 21. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

| во илјади денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Однапред платени трошоци | 2.574 | 1.053 |
| Пресметани приходи | - | - |
| Останато | - | - |
| **Вкупно** | **2.574** | **1.053** |

## 22. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

| во илјади денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Жиро сметка | 8.550 | 14.322 |
| Денарска благајна | 140 | 253 |
| Девизна сметка | - | - |
| Останати парични средства | - | - |
| **Вкупно** | **8.690** | **14.575** |

## 23. НЕКОНТРОЛИРАЧКО УЧЕСТВО

| во илјади денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| **Состојба на почетокот на годината** | 2.710 | 2.313 |
| Неконтролирачко учество во добивката/загубата | - | 397 |
| Ефект од целосен откуп на уделот од малцинските содружници | -2.710 | - |
| Неконтролирачко учество во друга сеопфатна добивка/загуба | - | - |
| **Промени во текот на годината** | -2.710 | 397 |
| **Состојба на крајот на годината** | 0 | 2.710 |

Неконтролирачко учество е учеството на останатите содружници во основната главнина и капиталот на подружницата што е вклучена во овие консолидирани финансиски извештаи.

## 24. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

| во илјади денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи во земјата | 1.827 | 2.066 |
| Обврски спрема добавувачи во странство | - | - |
| Обврски за нефактурирани стоки, материјали и услуги | - | - |
| **Вкупно** | 1.827 | 2.066 |

## 25. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

| во илјади денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Обврски за данок на додадена вредност | 98 | 98 |
| Обврски за данок на добивка | 28 | 40 |
| Обврски за камати | - | - |
| Обврски за бруто плати | 960 | 848 |
| Обврски за надоместоци на Одборот на директори | - | - |
| Останато | - | 1 |
| **Вкупно** | 1.086 | 987 |

## 26. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Официјалните девизни курсеви користени при прикажувањето на билансните позиции деноминирани во странска валута на 31 декември се следните:

| во денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| EUR | 61,4950 | 61,4950 |
| USD | 58,8807 | 55,6516 |

## 27. САЛДА И ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ

Салдата и трансакциите меѓу ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје и неговата подружница МАКАДАМ ПЛУС ДООЕЛ Скопје, а кои се елиминирани во овие консолидирани финансиски извештаи се прикажани во следната табела:

| во илјади денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| **Вложувања во подружница** | 3.311 | 236 |
| **Побарувања за долгорочни заеми** | - | 2.500 |
| **Обврски за долгорочни заеми** | - | 2.500 |
| Побарувања од купувачи | - | - |
| Активни временски разграничувања | 1.140 | - |
| **Вкупно тековни средства** | 1.140 | 0 |
| Обврски спрема добавувачи | - | - |
| Пасивни временски разграничувања | 1.140 | - |
| **Вкупно тековни обврски** | 1.140 | 0 |
| Приходи од продажба | 360 | 425 |
| **Вкупно приходи** | 360 | 425 |
| Трошоци за наемнина на деловен простор | 360 | 425 |
| **Вкупно трансакции од набавки и расходи** | 360 | 425 |

## 28. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ

Со состојба 31 декември 2024 година против Групата ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје не се покренати судски постапки од кои би можеле да произлезат потенцијални обврски.

Групата ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје на 31.12.2024 година нема обврски по основ на издадени гаранции и акредитиви од банки кон доверители.

## 29. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА ИЗВЕСТУВАЧКИОТ ПЕРИОД

По датумот на известувачкиот период не се случиле настани што треба да се обелоденат во овие финансиски извештаи.

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
**за работењето на ГРУПАТА ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје**
**во 2024 година**

**Вовед**

Овој извештај се однесува на работењето на ГРУПАТА ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје за деловната 2024 година.

Органот на управување на ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје, согласно со Законот за трговските друштва должен е на крајот на секоја деловна година да презентира годишен извештај за работењето на Групата.

1.4. Групата ПОЛИСА ПЛУС, покрај матичното друштво, ја сочинува и неговата подружница МАКАДАМ ПЛУС ДООЕЛ Скопје. На 31.12.2024 година ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје е единствен содружник во МАКАДАМ ПЛУС ДООЕЛ Скопје.

**Дејност**

Основна дејност што ја обавува ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје е дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници.

Основна дејност на МАКАДАМ ПЛУС ДООЕЛ Скопје е издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп.

**Макроекономски и пазарни услови во кои работеше Групата во 2024 година**

Општите услови за работење во текот на 2024 година беа слични како и во претходната година. Во текот на 2024 година немаше позначајни промени во прописите што имаат влијание врз работењето на Групата.

**Резултати од работењето во 2024 година**

| во илјади денари | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Вкупно оперативни приходи | 32.897 | 30.227 |
| Вкупно оперативни расходи | 32.125 | 25.739 |
| Добивка од работење | 772 | 4.488 |
| Финансиски приходи/расходи | 0 | 0 |
| Добивка пред оданочување | 772 | 4.488 |
| Данок на добивка | -98 | -267 |
| Добивка по оданочување | 674 | 4.221 |

Во 2024 година остварена е добивка по оданочување на Групата во износ од 674 илјади денари. Од овој износ 1.192 илјади денари е загуба по оданочување на ПОЛИСА ПЛУС

АД Скопје, а 1.866 илјади денари е добивка по оданочување на МАКАДАМ ПЛУС ДООЕЛ Скопје. Добивката по оданочување на Групата во 2024 година е помала за 3.547 илјади денари од остварената во 2023 година.

**Политика на вложувања за одржување и за поддршка на успешноста**

Во текот на 2024 Групата има извршено набавка на опрема во вредност од 168 илјади денари.

**Политика на дивиденди**

Во текот на 2024 Групата има исплатено дивиденда во износ од 8.889 илјади денари.

**Извори на средства на групата и односот на долгорочниот долг спрема главнината**

За извршување на својата дејност во текот на 2024 година Групата не користеше краткорочни и долгорочни кредити. Во структурата на пасивата капиталот и резервите на 31.12.2024 година учествуваат со 90,89% (93,40% на 31.12.2023), што укажува на висок процент на финансирање на работењето од сопствени извори.

**Политика на управување со ризикот**

Политиките за управување со ризикот ги донесува извршниот директор на Групата, а кои истовремено е задолжен и за нивно оперативно спроведување. Како позначајни активности се: следење на приливите и одливите на паричните средства, дефинирање на надлежностите и одговорностите на вработените, поединечно следење на пооделни значајни компоненти како што се побарувањата од купувачите и обврските спрема добавувачите, обезбедување на извори на средства и слично.

**Активности во сферата на истражувањето и развојот**

Во текот на 2024 година ГРУПАТА ПОЛИСА ПЛУС АД Скопје, имајќи ја во предвид дејноста што ја обавува, нема направено истражувачки активности.

**Откупени сопствени акции**

Во текот на 2024 година нема стекнување на сопствени акции на ГРУПАТА.

февруари, 2025 година

Извршен директор

Даниела Илиоска

Осигурително брокерско друштво ПОЛИСА ПЛУС АД СКОПЈЕ